| | |
|---|---|
| **Назив:** | **Работам заедно со другите (тимска работа)** |
| **Цел:** | Да го разберат концептот на тимска работа, да научат да бидат третирани како дел од тимот и да научат да го даваат својот максимум за успехот на тимот. |
| **Користени методи:** | Тимска работа |
| **Средства:** | Хартија, молив |
| **Процедура:** | Учесниците цртаат куќа каде секој член треба да нацрта по еден<br>дел од куќата без заедничко планирање и без разговор. Листот оди од еден до друг член на тимот и секој црта по еден дел од куќата кој го пополнува цртежот.<br><br>Зборувајќи за финалниот производ:<br>- Што беше лесно за оваа задача, а што беше тешко. Зошто?<br>- Како ти се допадна куќата? Што недостасуваше?<br>- Дали би било полесно кога би се договориле кој што ќе нацрта?<br><br>На друг лист учесниците повторно цртаат куќа, но овој пат се договараат кој што ќе нацрта. Цртежите се споредуваат |
| **Варијанта/дополнување:** | Може да се нацрта и друг предмет или лик. |